СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
Стопанска Интересна Заедница

Бр. 1101-075/08
06.02.2008 год.
СКОПЈЕ

Република Македонија

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

## меѓу органи на државната управа и невладини организации за реализација на царинските мерки за заштита на авторското право и сродните права

Поаѓајќи од потребата за поуспешно остварување на царинските мерки за заштитата на авторското право и сродните права при спроведување на царинска постапка на стоки, односно примерок, согласно Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост („Службен весник на РМ" бр.38/05, 107/07) и Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на РМ" бр.23/05 и 131/07), надлежните органи на државната управа, како и надлежните невладини организации, го склучуваат овој Меморандум за соработка (Меморандум).

**Учесници на Меморандумот:**

<u>Органи на државната управа:</u>

- Министерство за култура (претставувано од Слободан Деспотовски, Заменик на Министерот за култура во Владата на Република Македонија);
- Министерство за финансии – Царинска управа на Република Македонија (претставувано од Ванчо Каргов, Директор на Царинската управа на Република Македонија при Министерство за финансии);

<u>Невладини организации:</u>

- Здружение за заштита на авторски музички права „ЗАМП" – Скопје (претставувано од Борче Нечовски, Претседател на Управниот одбор на Здружението за заштита на авторски музички права „ЗАМП" – Скопје);
- Стопанска комора на Македонија (претставувана од Бранко Азески, Претседател на Стопанската комора на Македонија) и
- Сојуз на стопански комори на Македонија (претставувана од, Мирче Чекреџи, Заменик Претседател на Сојузот на стопанските комори на Македонија)

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Цел**

Целта на Меморандумот е утврдување/стандаризирање процедура за постапувањето во случаи определени во прописите со царинските мерки.